24537

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-601-3289.

Isečak iz lista
Newspaper cutting
НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
8. X. 1978 11391/12.



Скулпторка од Јапонија го работи своето дело во Прилеп чија судбина е неизвесна

БЕЛЕЖИМЕ

УМЕТНИЧКО БОГАТСТВО - А НЕ СЕ ЧУВА

● Во Прилеп дела од врвни уметници не се на места каде што треба да бидат

ОВАА ПРИКАЗНА за негрижата кон уметничкото творештво на Прилеп, ја чувме уште летото од скулпторот Драган Попоски — Дада, за да овие октомвриски денови, во ДИК „Црн Бор" ја потврдиме нејзината содржина.

Во еден неврзан разговор, генералниот директор на прилепскиот дрвно-индустриски комбинат, кој е еден вид меценa на Интернационалното студио за пластика во дрво, Љупчо Попоски не информира дека тие како финансиери на оваа манифестација која летово се одржа по осми пат, навистина не знаат „каде се уметничките скулптури во дрво"!

— Не станува збор за тоа, во буквалната смисла на зборот да не знаеме каде се тие, вели Попоски. Меѓутоа, искрено ви велам дека скулптурите не се таму, каде што треба да бидат.

Според една информација што ја добивме од „Црн Бор", за овие осум години создадени се преку педесетина вредни скулптури во дрво. Десетина од нив се лоцирани во кругот на Комбинатот, а другите или се во арсеналот на Музејот за тутун, или на некое друго место. Тие што се во Комбинатот, изложени се на непосредно влијание на забот од времето. Народниот музеј, зеде обврска скулптурите да ги негува и заштитува, меѓутоа, нивната состојба во овој момент е катастрофално поша. Дури постои можност, некои од нив да бидат потполно уништени, особено скулптурите на Тоне Лапајне.

Нешто слична е и ситуацијата со многубројните скулптури во мермер. Нив ги има на сите страни од градот. Една „плива" во водите на вештачко то езеро (кога е тоа полно), друга е „избендерена" на карпи во планина, а трета со години е „ничкосана" и никој не се чувствува надлежен да ја — исправи!

— НЕ САКАМ да изигрувам мудрец, вели Драган Попоски — Дада. — Меѓутоа, факт е дека Прилеп има големо уметничко богатство, кое заради негрижата кон него, евтино го „продава". Верувајте, уметникот и кога ќе го изработи своето дело, тој не се откажува од него. На многумина кои учествувале во работата на прилепското уметничко лето, не им е сеедно каде се нивните скулптури и каква е нивната судбина. Имам писма на мои колеги од разни земји, кои изразуваат восхит од гостопримството дедека биле во Прилеп, но во исто време и разочарување, затоа што за нивните скулптури не се води доволна грижа!

Тоа е точно. Не треба да се биде уметник и да се констатира дека градот домаќин на значајни уметнички манифестации, неуметнички се однесува кон едно големо богатство. Во Прилеп, во последно време се предлага, ако Народниот музеј нема доволно средства за одржување на скулптурите, тогаш тие да им ги „пренесе" на чување и одржување на месните заедниц, па дури и училиштата, кои секако дека ќе најдат интерес подомаќински да се однесуваат кон — уметноста!

Тачко ЛОКВЕНЕЦ